**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за јавни дејности**

ПРЕТСТАВНИК: **Раководител на Сектор за јавни дејности**

ПОВЕРЕНИК: **Претставник на Сектор за јавни дејности**

# ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА
## за утврдување на потреба за распишување на Јавен повик за избор на членови на Иницијативен одбор за конституирање Собрание на млади на Град Скопје

Скопје, јануари 2026 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/24“) и член 17 од Законот за младинско учество и младински политики (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20), а во врска со член 48-к од Статутот на Град Скопје (“Службен гласник на Град Скопје бр.16/05, 8/10, 17/11, 18/13, 13/14, 1/15, 12/15, 4/19, 9/21 и 4/22), Советот на Град Скопје на _________седница, одржана на __.__.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на потреба за распишување на Јавен повик за избор на членови на Иницијативен одбор за конституирање Собрание на млади на Град Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука Град Скопје ја утврдува потребата за распишување на Јавен повик за избор на членови на Иницијативен одбор за конституирање Собрание на млади на Град Скопје.

**Член 2**

Право да се пријават на повикот имаат жителите на град Скопје на возраст од 15 до 29 години кои членуваат во младински организации, организации за млади, политички подмладоци, како и ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

**Член 3**

Иницијативниот одбор ќе биде составен од 3 члена.

Првата седница на иницијативниот одбор ја свикува, отвора и со неа раководи најстариот член од избраните членови во одборот.

Иницијативниот одбор распишува повик за конститутивното Собрание на млади на Град Скопје во согласност со Статутот на Град Скопје по принципот на транспарентност и јавност.

Иницијативниот одбор се формира само за одржување на конститутивното Собрание на млади на Град Скопје.

**Член 4**

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страницата на Град Скопје (www.skopje.gov.mk) и ќе трае 5 календарски дена од денот на објавувањето.

**Член 5**

Се задолжува Градоначалникот на Град Скопје да формира Комисија за спроведување на Јавниот повик и на предлог на Комисијата да избере членови на Иницијативниот одбор за конституирање Собрание на млади на Град Скопје.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје“.

Број 27-____/1
__.__. 2026 година
С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
**Даме Димитровски**

_______________

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/02“ и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/24“) утврдена е надлежноста на Советот.

Согласно Законот за младинско учество и младински политики (“Службен весник на Република Северна Македонија бр.10/20) и Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Град Скопје донесена на седумдесет и третата седница на Советот на Град Скопје одржана на 6 јули 2021 година со бр.27-6663/1, Град Скопје согласно Статутот на Град Скопје предвидува формирање Локален младински совет на Град Скопје.
За таа цел, согласно член 48-к од Статутот на Град Скопје (“Службен гласник на Град Скопје бр.16/05, 8/10, 17/11, 18/13, 13/14, 1/15, 12/15, 4/19 и 9/21), за формирање на Локалниот младински совет на Град Скопје треба да се распише Јавен повик за избор на членови за формирање Иницијативен одбор за конституирање Собрание на млади на Град Скопје, кои ќе бидат дел од иницијативата за формирање Локален младински совет на Град Скопје.

Врз основа на горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за утврдување на потреба за распишување на Јавен повик за избор на членови на Иницијативен одбор за конституирање Собрание на млади на Град Скопје.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ**